Бр./Nr 12-335/3
12-06-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на ден 02.06.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-2864/1 од 05.11.2024 година оформен по доставена пријава со наводи за незадоволство од постапување во Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за подрачје на --------- во врска со барање за денационализација поднесено во 2007 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапиле други органи кои се надлежни да постапуваат од пријавената област.

Предметот со број 12-2864/1 од 05.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 05.11.2024 година, поднесена е пријава со наводи за незадоволство од постапување на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините ------, ------, ------, ------, -------, ------, ------, -------, -----, ------ и -------- со седиште во општина ------- во врска со Барање за денационализација поднесено во 2007 година и оформен е предмет бој 12-2864/1 од 05.11.2024 година.

Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на тоа дека подносителот заедно со други баратели доставиле барање за денационализација, заведено под ДН.бр.-------- од --.--.2007 година до Управата за имотно-правни работи Одделение во ------ заради враќање во сопственост на недвижниот имот кој претставувал КП.бр.----/1, КП.бр.----, КП.бр.----, КП.бр.---

--, КП.бр.----, КП.бр.----, КП.бр.---, КП.бр.---, КП.бр.---- и КП.бр.---- сите КО --------, а кои биле одземени без правен основ од поранешниот сопственик ---------- од Скопје.
Имено, подносителот наведува дека по наведеното барање, сеуште мериторно не било постапено, иако се поминати 17 (седумнаесет) години од денот на поднесувањето.
Посочува дека за предметниот случај се водела и управна постапка пред Управен суд, кој донел Пресуда во која јасно се дале насоки да се дозволи бараната приватизација, како и насоки од Судот кои требало да се следат при повторно постапување од страна на првостепениот орган, во случајот Комисијата при Министерството за финансии.

Имено, видно од донесената Пресуда У-2.бр.---/2022 година на Управниот суд на РСМ од ---.2022 година, тужбата на тужителот била уважена, Решението за денационализација Д.Н.бр.---------, било поништено и на пријавениот орган му било наложено да донесе нов управен акт, а за што подносителот наведува дека и после поминати две години сеуште не било постапено.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до Министерството за финансии- Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините ------, -------, -------, ------, ------, -------, -------, -------, --------, ------- и ------- со седиште во општина Карпош.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Министерот за финансии преку горенаведената Комисија, извести дека постапил во врска со донесената Пресуда У-2.бр.---/2022 година на Управниот суд на РСМ, со која Решението за денационализација Д.Н.бр.---------, било поништено и на пријавениот орган му било наложено да донесе нов управен акт, и дека на ден 23.01.2025 година постапувајќи врз основа на член 15 став 2 од Законот за денационализација донел Решение ДН.бр. -------- од 23.01.2025 година, со кое Барањето за денационализација заведено под ДН.бр.--------- од --.--.2007 година, поднесено од барателите: ----------, ---------, ----------, ---------, -----------, --------- (наследник на ---------), -----------, -----------, било уважено.

Со ова решение, недвижниот имот што претставува КП.бр.---- КО ---------, запишана во ИЛ.бр.----- на Република Македонија, се вратил во сопственост на барателите, и тоа по 1/8 идеален дел, согласно утврдените наследни делови на правото на денационализација со правосилните Решенија ОД.бр.---/07 од 13.03.2008 година на Основен суд Скопје и Он.нов ----/14 УДР.бр.--/14 од 31.12.2014 година на Нотар ---------- од Скопје.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека за предметниот случај нема елементи за нејзино натамошно постапување, од причина што непосредно после доставувањето на пријавата до ДКСК е постапено од страна надлежниот орган, во случајот Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините --------, -------, -------, -------, -------, -------, --------, --------, --------, -------- и -------- со седиште во општина -------, која е надлежна да постапува од пријавената област, и е донесено Решение ДН.бр. ----------- од 23.01.2025 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК